**Анекс 1**

## Услови на работа

## Стручна поддршка за изработка на „Правилник за нова или изменета методологија за идентификација на проектите од грантовата шема во Полошкиот плански регион и тестирање на новата или изменета методологија со идентификување на проектите користејќи анализа на трошоци и придобивки“

1. Владата на Швајцарската Конфедерација претставена од Федералниот оддел за надворешни работи, постапувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија / Швајцарската агенција за развој и соработка (во натамошниот текст: „Швајцарска Амбасада/СДЦ“) и Владата на Република Северна Македонија, претставена од Министерот за локална самоуправа, (во натамошниот текст МЛС) го потпиша Договорот за имплементација за соработка во проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој “ - Фаза II од проектот. Вкупното времетраење на проектот е од октомври 2021 година до септември 2025 година.

Генералната цел на овој проект е „Да се намалат разликите во развојот меѓу и во планските региони, а како последица на тоа, граѓаните, особено оние од помалку развиените региони во државата, да имаат подобри услови за живот“.

Очекуваните резултати од проектот се:

1. Владата издвојува и спроведува средства за рамномерен регионален развој на транспарентен, предвидлив и ефективен начин и според степенот на развиеност на планските региони;
2. Регионалните совети ефикасно ја имплементираат политиката за рамномерниот регионален развој (РРР) вклучувајќи ја транспарентноста, учеството на граѓаните и социјалната инклузија;
3. Центрите за развој на планските региони (ЦРПР) во сите осум плански региони, особено во помалку развиените, ја подобруваат нивната ефективност и ефикасност.

## 2. Специфични потреби и цели на задачата

Како дел од Резултат 3: Зголемените капацитети на Регионалните Совети и Центрите за развој на планските региони (РС/ЦРПР) за имплементација на регионални проекти од значителна големина и важност поддржани од анализата на трошоци и придобивки и физибилити студија - 7 (седум) проекти во седум плански региони беа идентификувани преку Регионалните форуми. Во Полошкиот плански регион, идентификацијата на проектот беше неуспешна поради недостиг на проекти што ги исполнуваа критериумите за селекција. Истата ситуација беше и во 2019 година, а проектот што беше финансиран во Полошкиот регион не е во функција. Комисијата за евалуација во 2022 година наиде на одредени проблеми да ги селектира и оцени предложените проекти во другите три региони (Скопски, Источен и Пелагониски).

Во оваа фаза, Регионалните форуми предвидени со Законот за рамномерен регионален развој не ги дадоа очекуваните резултати, особено во Полошкиот плански регион. Во периодот што следува се очекува да се заврши изборот на висококвалитетни инвестициски проекти со користење на консултативен процес со РС/ЦРПР, поддржан од академската заедница, граѓанското општество, јавниот и приватниот сектор на партиципативен и инклузивен начин. Експертската поддршка ќе осигура дека избраниот Регионален проект е со висок квалитет. Новопредложената или изменета методологија треба да ги земе предвид специфичните аспекти на Полошкиот плански регион при процесот на идентификација, доколку имплементацијата на новата или изменета методологија за идентификација на проекти во Полошкиот плански регион обезбеди подобри резултати од претходната. (актуелната Методологија за форумски сесии).

## 3. Задачи кои треба да ги извршува Експертот

**Развој на нова или изменета методологија за идентификација на Регионални проекти**

### 3.1. Преглед и анализа на постоечката документација и проценка на тековните практики за управување со проекти во процесите на идентификација на регионалните проекти (регионални форуми)

- Закон за рамномерен регионален развој
- Стратегија за регионален развој (2021-2031), Плански документ
- Програма за развој на Полошкиот плански регион (2021-2025), Плански документ
- Акционен план (годишен план за реализација на Програмата за развој на Полошкиот плански регион)
- Правилник за начинот на организирање и спроведување на регионални консултативни форуми за утврдување на нацрт-листата на проекти за развој на планските региони
- Прирачник за начинот на организирање и имплементација на регионални форуми на заедницата за проекти од СДЦ/МЛС Грант шема за Проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - II фаза“
- Водич за грантова шема 2022-2024 за инвестициски проекти со дигитална компонента

#### 3.1.2. Истражување за тековни трендови и најдобри практики во управување со регионални проекти, со фокус на идентификување нови и иновативни методологии

- Искуства на земјите од балканскиот регион;
- Искуства од ЕУ;

### 3.2 Анализа на лице место за да се утврди следново:

- Причините зошто Полошкиот плански регион не е во состојба да понуди висококвалитетни регионални проекти;
- Дали и во колкава мера предложените проекти ги одразуваат желбите и потребите на граѓаните од регионот преку соодветна алатка- анкетен прашалник, организација на јавен собир-настан и слично;

- Дали на форумските сесии се гледа како на соодветна алатка за идентификација и развој на проекти;
- Какво е влијанието (ако има) на политичката сцена врз овие процеси;
- Колкав е интересот на академската заедница, приватниот и јавниот сектор и граѓанското општество да учествуваат во идентификувањето и развојот на проекти;

**3.3. За да се исполнат овие цели, следните работи се сметаат за клучни:**

- средба со вработените во Центарот за развој на Полошкиот плански регион;
- средба со градоначалниците;
- средба со вработените во општините одговорни за проектите (локален економски развој или друг релевантен сектор);
- средба со претставници од Универзитетот;
- средба со претставници од бизнис секторот, вклучително и претставник на бизнис секторот во Советот на планскиот регион;
- средба со претставници од јавниот сектор;
- средба со претставници на граѓанското општество (претставник од Советот на планскиот регион и други релевантни граѓански организации);
- средба со директорите на Центрите за развој на планските региони.

## 4. Идентификација на проекти

4.1. Експертот треба да идентификува минимум 3 (три) регионални проекти во Полошкиот плански регион користејќи го методот на трошоци и придобивки (Избор на проекти со најдобар квалитет кои нудат најдобра вредност за парите) и содржински да го пополни Апликацискиот формулар во координација со Центарот за развој на Полошкиот плански регион.

- Идентификување и утврдување на трошоците на проектот, вклучувајќи финансиски (опрема, градежни активности, и слично) и нефинансиски (негативно влијание врз животната средина) трошоци;
- Идентификување и утврдување на придобивките, како што се: приход, конкурентни предности, заштита на животната средина,

намалување на трошоците, задоволство на клиентите, подобра здравствена заштита, подобар животен стандард;

- Пресметка на придобивки -однос придобивка/трошок ;
- При идентификување на трошоците и придобивките од проектот, за оние кои се нефинансиски, треба да се додели одредена финансиска вредност, за да може да се направи пресметката;
- Во зависност од видот на проектот, да изработи пресметката на придобивките во однос на паричните текови во текот на економскиот период на инвестицијата, пресметка на нето вредноста и внатрешната стапка на принос, како и пресметка на други показатели (социјални, економски, културолошки, демографски) кои би биле неопходни за образложување (или неспроведливост) на инвестицијата;
- Фокус да се стави на подобрување на условите за живот.

4.2. Резултат од спроведената анализа

- Презентирање на резултатите до Советот на Полошкиот плански регион, МЛС и Центарот за развој на Полошки полански регион. Проектите се доставува до комисијата за евалуација.
- Комисијата за евалуација на проекти, предложена од Министерот за локална самоуправа, ќе донесе предлог за избраниот проектот што ќе се финансира, а Министерот носи одлука за избор на проект. Член кој го претставува донаторот ќе го следи процесот на евалуација.

**5. Развивање на нова или изменета методологија за регионални проекти што ги зема предвид специфичните предизвици и можности на Полошкиот плански регион, како и најдобрите практики идентификувани преку истражување.**

- Подготовка на нацрт Методологија;
- Презентирање и дискусија за нацрт-методологијата со претставниците на МЛС, проектниот тим, Бирото за регионален развој (БРР) и ЦРПР;
- Испорака на финанлна верзија за методологијата.

**<u>Изработката на методологијата треба да се одвива паралелно со теренската работа и со процесите на идентификација на проектите.</u>**

6. **Обезбедување кратка обука на тимот за управување со проекти и МЛС за новата или изменета методологија, вклучително и како да се примени во пракса преку избраниот проект во Полошкиот плански регион врз основа на претходните активности.**

7. **Збир на алатки и обрасци што може да се користат за поддршка на имплементацијата на новата или изменетата методологија, вклучувајќи обрасци за управување со проекти, обрасци за известување и обрасци за управување со ризик.**

8. **Квалификации на експертот:**

   **<u>- Академски квалификации/образование:</u>** универзитетска диплома или повисок степен во релевантни области за задачите (на пример, право, бизнис, економски, општествени науки, технички науки или сличен сектор соодветен на оваа позиција). Предност имаат кандидатите со повисок степен на образование или специјализација.

   **<u>- Искуство:</u>**

   - Искуство во подготовка на методологија за идентификација на различни видови проекти, истражувања и стратешки документи поврзани со националниот, регионалниот и локалниот развој;
   - Учество во подготовка на физибилити студија и анализа на трошоци и придобивки во областа на развој на регионални проекти од значителна големина и проекти во други области;
   - Учество во подготовка на анализи/правни документи, публикација за истражување во областа на регионалната политика на ЕУ (структурни, регионални и кохезивни фондови), одржлив развој и стратешки документи, експертизи и научни публикации;
   - Искуството во работа со владини институции на национално, регионално или локално ниво ќе се смета за предност.

- **<u>Потребни вештини:</u>**

  - Одлично познавање на Англиски јазик - усна и писмена комуникација;
  - Познавање за користење на дигитални алатки;
  - Одлични комуникациски вештини;
  - Одлични аналитички вештини.

## 9. Критериуми за избор на најдобра понуда

Договор ќе се склучи врз основа на понудата што ќе биде евалуирана и одобрена како:

а) соодветна и комплетна;

б) да има највисока оцена врз основа на техничките и финансиските критериуми наведени подолу и тоа:

* технички критериуми: 70%

* финансиски критериуми: 30%

За финансиската евалуација ќе се земат предвид само кандидатите кои ќе добијат минимум 49 поени (70%) во техничката евалуација.

Во финансиската евалуација, понудата со најниска цена ќе добие 30 поени.

Останатите понуди ќе добијат поени во однос на најниската понуда, врз основа на следнава формула: (Pl/ Pn) * 30 каде што Pn е финансиска понуда што се оценува и Pl е најниска финансиска понуда што е добиена.

Технички критериуми:

| Критериуми | Максимум поени **70** |
|---|---|
| м-р или повисок степен на образование во областите релевантни за проектот (општествени науки, право, бизнис, економија или слична област соодветна на оваа позиција). Докторатот ќе се смета за силна предност. | 10 |

| | |
|---|---|
| Високо образование = **4**<br>Магистер = **7**<br>Докторат = **10** | |
| Искуство во подготовка на методологија за идентификација на различни видови проекти, истражувања и стратешки документи поврзани со национален, регионален и локален развој;<br><br>**1** проект = **15 поени**<br>**2 – 3** проекти = **18 поени**<br>**Повеќе од 3** проекти = **20 поени** | 20 |
| Учество во подготовка на физибилити студија и анализа на трошоци и придобивки во областа на развој на регионални проекти со значителна големина (над 350.000 EUR/CHF)<br><br>**1** проект = **15 поени**<br>**2 – 3** проекти = **18 поени**<br>**Повеќе од 3** проекти = **20 поени** | 20 |
| Учество во подготовка на најмалку една (1) анализа/правен документ, публикација за истражување во областа на регионалната политика на ЕУ (структурни, регионални и кохезивни фондови) и одржлив развој, експертизи и научни публикации.<br><br>**1** подготовка = **10 поени**<br>**2-3** подготовки = **12 поени**<br>**Повеќе од 3** подготовки = **15 поени** | 15 |
| Искуството во работа со владини институции на национално, регионално или локално ниво ќе се смета за предност. | 5 |

## 10. Методологија и пристап

Консултантот треба тесно да соработува со Проектната единица и МЛС. Работата ќе се смета за конечна откако ќе биде одобрена од страна на МЛС.

## 11. Достава на извештаи

Извештајот треба да биде долг најмногу 3 страници и треба да го содржи следново:

- Преглед на извршените активности;
- Специфични наоди;
- Препораки за понатамошни активности.

Извештајот треба да биде доставен на Македонски и на Англиски јазик

## 12.Испораки

- Извештај кој ги сумира наодите од прегледот и процената на тековните практики за управување со проекти (регионални форумски сесии), како и истражување за најдобрите практики во регионалниот проектен менаџмент. (прв дел од активноста);
- Идентификување на проектите со помош на анализи на трошоци и придобивки. (втор дел од активноста);
- Конечна верзија на „Правилникот за нова или изменета методологија за идентификација на регионалните проекти од Грант шемата во Полошкиот плански регион “ вклучувајќи детален опис на клучните чекори, алатки и обрасци потребни за спроведување на методологијата;
- Развиена кратка програма за обука и материјали за тимот за управување со проекти и оперативниот тим од МЛС за новата методологија, вклучувајќи детален прирачник за обука и сите потребни материјали за обука;
- Збир на алатки и обрасци што може да се користат за поддршка на имплементацијата на новата методологија, вклучувајќи обрасци за управување со проекти, обрасци за известување и обрасци за управување со ризик. (трет дел од активноста)

Сите изготвени испораки траба да бидат доставени на Македонски и на Англиски јазик.

Сите резултати произлезени од Консултантот ќе станат сопственост на МЛС и сите интелектуални права ќе припаѓаат на МЛС.

**13.Времетраење:**

Консултантскиот ангажман се очекува да трае приближно три месеци, почнувајќи од датумот на склучување на договорот, вклучувајќи ги следните клучни пресвртници:

**Месец 1:** Преглед и проценка на тековната стратешка и друга проектна документација и проценка на тековните практики за управување со проекти во процесите на идентификација на регионалните проекти (процесите на регионалниот форум како алатка за идентификација на проектите)

**Месец 2 и Месец 3:** Идентификација на регионални проекти, истражување и развој на нова или изменета методологија

Конечниот извештај се достави по усвојување на Методологијата од страна на МЛС.

**14.Надоместоци, трошоци и услови за плаќање**

Надоместокот за ангажманот е до вкупно ----------денари во бруто износ. Средствата за овие активности се алоцирани во точка 3.1.1 од буџетот на проектот.

Плаќањето ќе се врши на 2 транши, и тоа 30% за предвидените активности завршени во првиот месец, а 70% по завршување на сите останати активности и по доставувањето на испорачаните документи наведени во овие услови за работа.